Бр./Nr 12-3705/2
10-04-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 84-та седница, продолжение одржано на 31.03.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-3705/1 од 13.04.2022 година, со наводи за незаконитости во спроведена постапка за јавна набавка од страна на ЈПКД „---------- ---------" – --------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-3705/1 од 13.04.2022 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител на ден 13.04.2022 година поднесена е пријава со наводи за незаконитости во спроведена постапка за јавна набавка од страна на ЈПКД „---------- ---------" – --------, и оформен е предмет број 12-3705/1 од 13.04.2022 година. Во пријавата подносителот изразува сомневање за тенденциозност во постапката за јавна набавка на услуги – одржување и поправка на возила со набавка на автоделови по оглас бр.01646/2022 од 10.02.2022 година, постигната преку определениот вид на постапката и преку поставување на дел од критериумите во огласот, со што била сторена повреда на начелата од Законот за јавни набавки. Подносителот смета дека набавката несоодветно била определена како неделива и дека барањето за доставување на ИСО сертификати во рамки на постапката било беспредметно.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот изнесените наводи не упатуваат на конкретни коруптивни дејствија по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk